# Соопштение од МАН за трагичната автобуска несреќа која се случи во Република Бугарија

МАН: Сочувство до семејствата за загинатите, медуимите да се воздржат од сензационализам

– Во мое лично име и во име на членовите на МАН изразувам длабоко сочувство за болката и страдањето на семејствата и роднините на загинатите во страотната сообраќајна несреќа во Република Бугарија, и посакувам брзо закрепнување на повредените во оваа тешка катастрофа, наведува претседателката на МАН Ивона Талевска.

Таа истовремено, ги повика медиумите да се воздржат од сензационализам при известувањето за оваа трагедија.

– МАН ги повикува медиумите при известувањето да ги почитуваат професионалните новинарски стандарди и принципи, односно информирањето да биде ослободено од сензационализам и новинарите да ја почитуваат личната болка и жалост. Воедно, информациите треба да бидат точни и проверени, а доколку не можат да се потврдат или станува збор за претпоставка тоа треба да се каже или објави.

Скопје,
23.11.2021